**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1107-6892/2020 од 12.11.2020 10:55:08

**Податоци за сертификатот на овластеното лице**
**Сертификатот е издаден на:** САЊА УСОВИЌ
**Издавач:** KibsTrust Qualified Certificate Services
**Сериски број:** eb17d661
**Валиден до:** 01.10.2021
**Датум и час на потпишување:** 12.11.2020 во 10:55:10
**Документот е дигитално потпишан и е правно валиден**

1107-6892/2020

Врз основа на член 161 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2013), Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности Скопје по барање на по службена должност од податоците во катастарот на недвижности го издава следното

# УВЕРЕНИЕ

## ЗА ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ИЗВРШЕНИТЕ ЗАПИШУВАЊА
## ЗА КП број. 2379/1 КО ГАЗИ БАБА

Со излагањето на јавен увид на податоците од премерот извршен во 1929/31 година за КО Скопје (на начин и постапка регулирани со Закон), КП.12826 нива 3-та класа со површина од 2835 м2, била евидентирана во ПЛ.8248 на Стојановиќ Трајковиќ Јордан.
Во 1948 година во постапка на Ревизијата со која е вршено усогласување на состојбата на податоците од катастарската евиденција, со фактичката состојба на теренот (согласно Одлука на Владата на ФНРЈ бр.591/48 и Сл.лист бр.8/48), КП.12826 нива 3-та класа со површина од 2835 м2, била евидентирана во ПЛ.8248 на Стојанов Трајков Јордан.
Во 1950 година врз основа на Акт за експропријација ГНО Ск бр.7006/1950 од 04.12.1950 година, КП. 12826 нива 3-та класа со површина од 2835 м2, се евидентира во ПЛ.9600 на ФНРЈ на управување на Економијата на 4 реон НО Скопје.
Во 1954 година врз основа на Решение НО Ск Бр.4421 од 21.05.1953 година, Пријава од ревизијата, КП.12826 нива 3-та класа со површина од 2835 м2, се евидентира во ПЛ.10430 на ФНРЈ на управување на претпријатије ,,Железара''. (Правен претходник Рудници и Железара).
Во 1973 година, врз основа на Список пријава групирање на парцелите на основа на наш наод, Предмет бр.5/99 од 06.02.1973 година, КП.12826 под објект со површина од 151997 м2 и двор со површина од 811189 м2, се евидентира во ПЛ.10430 на Рудници и Железара.
Во 1982 година врз основа на Список пријава бр.296/82 од овој Орган, КП.12826 под објект со површина од 151997 м2 и двор со површина од 810189 м2, се евидентира во ПЛ.10430 на Рудници и Железара.
Во 1983 година врз основа на Решение за одземање и доделување Бр.03-7959/61 од 11.07.1961 година од Саат Кула, Писмо Бр.11-2-1192/82 Рудници и Железара, УП Бр.12-4583 од 16.10.1968 од Општина Кале, Решение Уп.Бр.12-4695 од 14.10.1968 од Општина Кале, 03-7959/61 од 11.07.1961 од Саат Кула, 02-7429/68-1193 од 20.05.1965 од Општина Кале, 4421/53 од Народен одбор Скопје, 4421/53, Народен одбор, Акт за експропријација 4421 од 22.07.1953, Решение У.Бр.03/13333 од 23.11.1960 од Саат Кула, Решение АП.Бр.05-14247 од 28.07.1965 од Општина Кале, 06-27824 од 20.02.1966, 12-4698 од 16.10.1968, 06-14151 од 27.11.1967 и 12-4696 од 11.10.1968 година сите од Општина Кале, КП.12826 под објект со површина од 151997м2 и двор со површина од 822779 м2, се евидентира во ПЛ.10430 на Рудници и Железара.
Во истата 1983 година врз основа на Список пријава бр.265/1984 од 21.09.1982 година, КП.12826 под објект со површина од 173961 м2 и двор со површина од 2343075 м2, се евидентира во ПЛ.10430 на Рудници и Железара.
Во 1986 година, врз основа на Предмет бр.4/1723, 4/770, 4/1845, 4/2823 сите од овој Орган, КП.12826 под објект со површина од 173961 м2 и неплодно со површина од 2433348 м2, се евидентира во ПЛ. 10430 на Рудници и Железара.
Во 1991 година врз основа на Одобрение за градба Уп.бр.10-13/81 и и 10-13/2-81 од Реп. Секр. за енергетика, индустрија и градежништво бр.Уп.10-74/78 година, Реп. Секр. за индустрија самоуправна спогодба бр.457/91 од Претпријатие за проект Факом за назив од Решение на Окр. Суд ФИ бр.869/82 и Среф.бр.705/89 година, од КП.12826 за прв пат се оформува КП.12826/2 неплодно земјиште со површина од 44040 м2, се евидентира во ПЛ.10430 на Рудници и Железара Скопје.
Во 1993 година врз основа на член 5 од Законот за измени и дополнување на законот за

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**
1107-6892/2020 од 12.11.2020 10:55:08

1107-6892/2020

градежно земјиште (Сл.весник на РМ 21/91) ПЛ.10430 го менува насловот и гласи на Р.М- Рудници и Железарница Скопје.
Во 2005 година, престанува да се применува катастарот на земјиштето за дел од КО Скопје, установен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, а во примена стапува катастарот на недвижности за КО Гази Баба, установен согласно Законот за премер и запишување на правата на недвижностите, при што дел од КП.12862/2 неплодно со површина од 3795 м2, била евидентирана во ПЛ.10430 на Р.М Рудници и Железарница Скопје.
При устројувањето на катастарот на недвижностите извршена е нова нумерација за катастарските парцели, при што дел од КП.12826/2 КО Скопје е настаната КП.2379/1 за КО Гази Баба.
Со излагањето на јавен увид на податоците од премерот за КО Гази Баба извршен согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (Сл.весник бр. 22/86 и 17/91) и стапување во сила на катастарот на недвижностите за КО Гази Баба во 2005 година, КП.2379 неизградено земјиште со површина од 40245 м2, како недвижност со неутврдени права запишана во ИЛ. 5286 со прибелешка ,,предметот не е изложен,,.
Во 2011 година врз основа на Службена белешка 1121-896/2011 година од овој Орган, ИЛ.5286 се запишува на Р.Македонија со право на сопственост.
Во 2013 година врз основа на Потврда 1113-11885/2013 година од овој Орган, од КП.2379 за прв пат се оформува КП.2379/1 градежно неизградено земјиште со површина од 37211 м2, се запишува во ИЛ .5286 на Република Македонија со право на сопственост.
Во 2014 година врз основа Службена белешка 1122-1143/2014 година од овој Орга, согласно Член 83 од Законот на катастар на недвижности (Сл.весник 55/2013) на сила стапува дигитален катастарски план врз основа на аналогем катастарски план, при што КП.2379/1 градежно неизградено земјиште со површина од 27212 м2, била запишана во ИЛ.5286 на Република Македонија со право на сопственост.

Заклучно со 12.11.2020 година други промени во катастарската евиденција за КП.2379/1 КО Маџари, нема.

**Овластено лице**

М.П.

**Сања Усовиќ**

(име и презиме, потпис)